ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ДЕМИР ХИСАР
ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

28.06.2024

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 3

II. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО 3

III. ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА 3

IV. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ 3

1. Годишна програма за работа 3

2. Планирање и реализација на наставата 5

3. Планирање и реализација на воннаставната дејност 7

4. Училишна заедница, ученички парламент и ученички правобранител 10

5. Производствена и друга општествено-корисна работа 11

6. Ученички екскурзии 11

7. Грижа за здравјето на учениците 11

8. Соработка со локалната средина 12

9. Следење, вреднување и унапредување на образовната и воспитната работа 13

V. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА 13

VI. УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА 15

VII. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА 15

VIII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА 15

ВОВЕД

Годишниот извештај за работата на Училиштето за учебната 2023/2024 година е изготвен врз основа на член 122 став 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РСМ" бр. 161/2019).

Истиот ја презентира целокупната состојба во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност, а се состои од статистички и текстуален дел.

УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Гоце Делчев" Демир Хисар се наоѓа во населбата Демир Хисар на ул. „Битолска" бб. Во составот на Училиштето работаат и 6 Подрачни училишта во населбите: Суводол, Вардино, Света, Единаковци, Журче и Слепче.

Со настава во учебната 2023/2024 година во Основното и во сите Подрачни училишта се започна на 01.09.2023 година.

Наставата беше организирана во 32 паралелки од кои 20 паралелки од прво до петто одделение и 12 паралелки од шесто до деветто одделение.

Од I-III одделение настава посетуваат 114 ученици, од IV-VI 110 и од VII-IX 134 или вкупно 358.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во една смена.

ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Во текот на летниот период се изведоа најнеопходните поправки и реновирања во просториите во централното и подрачните училишта.

Активостите кои беа направени во делот на инфраструктурата придонесоа за подобрување на условите за реализација на наставата, заштеда на топлинска енергија и подобрување на здравствено хигиенските услови кое нешто значи успешно носење со предизвиците и чекор напред во остварувањето на воспоставената визија.

ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

1. Годишна програма за работа

Годишната програма за работа на училиштето е донесена под бр.**01-311/1** од **14.08.2023** година, а во истата како приоритетни задачи и активности беа стратешките цели утврдени во Програмата за развој на училиштето и тоа:

Стратешка цел: 1. Јакнење на капацитетите на наставниот кадар

Развојни цели:

- Поголема вклученост на родителите во работата на училиштето

- Давање поддршка во реализацијата на новата концепција во прво, второ, четврто и петто одделение преку споделување на искуство на ниво на стручни активи

На ниво на стручни активи беше споделено искуство од страна на наставниците кои реализираат настава по новата концепција во насока на примена на приоди и стратегии кои се засноваат на активно учење, развивање креативност и критичко мислење кај учениците.

Структурата на планирањата беа во согласност со Упатствата од БРО и моделите на планирања понудени на одржаните обуки. Во истите планирани се содржините и поимите, стандардите за оценување, активностите во текот на часот, средствата и следењето на напредокот на учениците.

Наставниците ги користеа расположливите ресурси како што се: смарт таблите, дигиталните учебници, работениот прибор и други нагледни средства и помагала, а по однос на оценувањето на учениците, наставниците користеа различни постапки и инструменти за следење на работата и постигањата.

Во текот на учебната година постоеше континуирана соработка со родителите на учениците преку активностите во рамките на Советот на родители и на ниво на паралелки. Истите беа активно вклучени во креативните работилници организирани по повод новогодишниот празници.

Стратешка цел: 2. Опремување на училиштето и подобрување на квалитетот на наставата со современи средства и помагала

Развојни цели:

Набавка на компјутерска опрема со цел подобрување на наставата и примена на ИКТ во наставата

Користењето на технологијата во наставата /компјутери, интерактивни табли и дигитални учебници е со цел развивање на креативноста и критичкото мислење како развивање на дигитални вештини кај учениците.

Во текот на учебнара 2023/2024 година училиштето набави 16 компјутери за кабинетот по информатика и Подрачните училишта кое нешто овозможи ангажираност на учениците во процесот на дигитализацијата и користење на постојната дигитална инфраструктура.

Втората развојна цел Поттикнување на интересот и навиките за читање беше реализирано преку збогатување на библиотечниот фонд со лектирни изданија и сликовници за Централното и ПУ како, а и исто така беа набавени и други нагледни средства како што се спортски реквизити и друштевни игри.

Стратешка цел: 3. Подобрување на условите за работа и естетскиот изглед на училиштето

Развојна цел: Подобрување на естетскиот изглед на училиштето и училишниот двор

Со цел подобрување на естетскиот изглед на училиштето, во текот на учебната година, беше ставен акцент на естетското уредување во училничките простории и ходниците и истите беа простор каде што учениците ги поставуваа своите оригинални изработки.

Ликовните изложби во училиштето организирани по повод Денот на жената, Денот на учителот, Патрониот празник и други поводи беа можност за презентација на ликовната креативност на учениците и совладување на нови ликовни техники.

Развојна цел: Физичко обезбедување со ограда на опфатот на училишниот двор

Во учебната 2023/2024 година согласно Упатството за спроведување на задолжителни мерки и активности во основните училишта за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените бр.12-3466/1 од 22.03.2023 г. од Министерот за образование и наука се продолжи со реализација на превентивни активности за оптимални безбедносни услови за престој и работа, како и поддршка на учениците и вработените за ефикасно постапување во случај на незгоди.

Во насока на поголема безбедност на учениците е делумно оградениот дел на училишната зграда спрема Здравствениот дом Демир Хисар со што се спречи користење на влезот на училиштето од страна на други лица и институции.

2. Планирање и реализација на наставата

Задолжителната настава по сите наставни предмети беше застапена во согласност со Планот и програмата за воспитно-образовната дејност на основното училиште и истата е реализира во целост согласно Решението за изменување на наставните планови донесено од МОН, со тоа што во нив беше направен соодветен избор на наставни содржини, неопходни теми за реализација со цел да се овозможи стекнување на знаења и вештини предвидени со наставните програми и обезбедување на вертикална проодност во наредното одделение.

Реализирани се вкупно 180 наставни дена од I до IX одделение.

Согласно новата Концепција за основно образование слободните изборни предмети за учениците од прво, второ и трето одделение се реализираат во форма на слободни активности, во четврто одделение во првото полугодие се реализираше изборниот предмет Сликање/цртање/вајарство од подрачјето Проширување/продлабочување на знаењето, во петто одделение изборниот предмет Моделарство-креативни идеи, а во шесто одделение во првото полугодие се реализираше изборниот предмет Религии во светот, а во второто полугодие Класична култура во европска цивилизација. Согласно Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година, во седмо и осмо одделение се реализира изборен спорт, ТО и проекти од информатика, а во деветто одделение програмирање, вештини на живеење и техничко образование.

Додатна настава се реализираше по предметите по кои учениците покажаа интерес за реализација на истата.

Запознавањето на родителите и учениците со одделни делови од Програмата за работа, правата и должностите на учениците и организацијата на работата во училиштето училиштето го реализира преку издавање на брошура согласно ЗОО.

Во согласност со Законот за основно образование постигањата на учениците во прво, второ и трето одделение описно се оценуваат. Описно беа оценети и учениците од четврто, петто и шесто одделение на деветгодишното образование во прво и трето тримесечие и првото полугодие.

Во почетокот беше извршена дијагноза на иницијалната состојба со што беа собрани податоци за когнитивниот, социјализацискиот и психомоторниот развој на учениците.

Формативното следење, проверување и оценување на учениците во прво, второ и трето одделение се вршеше со користење на анегдотски белешки, водење на ученичко досие, тековно аналитичко бележење, тековни коментари и годишна сумативна оценка. Родителите за постигањата на учениците беа редовно информирани усно преку евидентни листови и преку портфолијата на учениците.

Во **прво одделение** настава посетуваа 39 ученици, од кои многу добри постигања имаат 26 ученици, добри постигања 9 и задоволува 4 ученици.

Учениците ги препознаваат буквите од кирилското писмо, изразно читаат зборови, реченици и кратки текстови со разбирање; пишуваат зборови и куси реченици , опишуваат, раскажуваат, прераскажуваат, соодветно одговараат на прашања. Читаат и пишуваат броеви до 20, бројат до 100, собираат, одземаат броеви до 20; собираат и одземаат со Д и Е до 20 и повеќе. Определуваат непознат број во математички израз, именуваат едноставни 2Д и 3Д форми. Учениците може да водат едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста по англиски јазик. Препознаваат, именуваат и класифицираат материјали според одредено својство. Разликуваат безбедно и небезбедно место за игра, покажуваат интерес за слушање и пеење на песни. Покажуваат интерес и љубов кон ликовното изразување, цртање, сликање и моделирање. Изведуваат вежби, се поставуваат во колона, работаат тимски и учествуваат во игри. Поседуваат еколошки навики. Манифестираат различни форми на уметничко изразување.

Во **второ одделение** настава посетуваат вкупно 41 ученици, од кои многу добри постигнувања покажаа 31 ученици, добри постигнувања 5 ученици и задоволува 5 ученици.

Учениците читаат и пишуваат со печатни и ракописни кирилични букви, раскажуваат и опишуваат усно и писмено, бројат по 1, 2, 5 и 10 напред и назад до 100, собираат, одземаат до 100, множат и делат со 2, 5 и 10, користат техники и вештини во решавање математички проблеми. Ги проширија сознанијата за непосредната околина, идентификуваат различни извори на светлина и сенки, учествуваат во донесување и почитување на правилата за заедничко живеење, применуваат техники и материјали за цртање, сликање, моделирање и дизајнирање, имаат чувство за ритам и движења, учествуваат во игрите и ги почитуваат правилата. Учениците се стекнаа со еколошки навики, со развиени животни вештини и личен и социјален развој.

Во **трето одделение** настава посетуваат вкупно 34 ученици од кои многу добри постигнувања покажаа 26 ученици, добри постигнувања 7, задоволува 1.

Учениците прераскажуваат и раскажуваат, пишуваат и читаат текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо. Составуваат прашања и одговараат на истите. Слуховно и визуелно препознава нови зборови и правилно ги изговараат изучените зборови по англиски јазик. Собираат и одземаат, множат и делат таблично и вонтаблично. Имаат познавање од природните науки. Се грижат за себе и своето опкружување , ја развиваат креативноста преку сликање и цртање и преку учество во музички игри и танци, учествуваат во спортски игри

спортските игри, почитувајќи ги основните правила. Имаат развиено тимски дух Ги проширува и продлабочува воспитно – образовните знаењата во многу области и ги развиваат своите животни вештини.

Оценувањето во вториот и третиот образовен план согласно Законот за основно образование на крајот на учебната година е бројчано. Постигањата се дадени во статистичкиот дел од извештајот.

3. Планирање и реализација на воннаставната дејност

На основа резултатите од анкетирањето на учениците во текот на учебната година работеа следните слободни ученички активности: Слободни активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети, работно-производствени слободни активности и технички активности.

Учениците зедоа учество и на ликовниот и литературниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето 4 Мај. Наградените ученици добија дипломи, а нивните творби се објавени во весникот Бисери.

И оваа учебна година во првата недела од месец октомври учениците од нашето училиште ја одбележаа ДЕТСКАТА НЕДЕЛА под мотото: „ Јас и светот околу мене“ при што беа реализирани повеќе активности.

Беше извршен прием на првачињата во Детската организација и организирана работилница посветена на Конвенцијата за детските права, изработен плакат, а учениците цртаа и твореа.

По повод Светскиот ден на учителот учениците поголем број на литературни и ликовни творби им ги посветија на своите наставници, а беше одбележан и 20ти Ноември – Светскиот ден на детето преку пишување пораки посветени на децата.

По повод Месецот на книгата беа реализрани повеќе активности.

На 27.10.2023 година членовите на библиотекарската и новинарската секција ја посетија Националната установа Универзитетската библиотека „ Св. Климент Охридски“-Битола каде имаа можност да се запознаат со активностите на истата.

Исто така членовите на Детската организација, библиотекарската и новинарската секција ја посетија Детската градинка „ 2 Септември“ и реализираа активности со децата поврзани со читање и илустрации на приказни.

Инспирирани од делата на изложбата на уметникот Владимир Георгиевски во Домот на културата „Илинден“ во Демир Хисар со учениците беше реализирана ликовна работилница со цел продолжување на квалитетот на неговото дело.

На 25.10.2023 година дел од учениците членови на ликовната секција учествуваа на детска ликовна работилница, која се одржа во хотел „ Рива“ Стење. Настанот беше организиран по повод десет годишнината од преспанската ликовна колонија во организација на Друштвото на ликовни уметници од Битола.

Заедничка активност со децата од Детската градинка се реализира и со членовите на Млади биолози преку проект со наслов „ Запознајте ги птиците во нашиот крај“.

По повод Денот на Европските јазици беше посетена приватната библиотела „ Ал-би“ во село Бабино каде учениците членови на библиотекарската секција и ученици кои ги изучуваат странските јазици имаа можност да се запознаат со интересни факти во однос на бројот и

потеклото на библиотечниот фонд, а беше посетена и етно собата и амфитеатарот. Учениците од додатната настава по англиски јазик го одбележаа Денот на благодарноста преку активности во насока на поттикнување на изучувањето на историјата и културата на другите народи.

По повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби кој се одбележува на трети декември, учениците зедоа учествуво на литературниот и ликовниот конкурс распишан од ЦПЛИП „ПОРАКА“ ДЕМИР ХИСАР при што беа освоени повеќе награди.

На традиционалниот избор за најдобро украсена училница, учениците од нашето училиште и оваа година во празнично расположение ја покажаа својата креативност преку новогодишното украсување на своите училници.

За најдобро украсена училница се избираа победници во предметна настава, и во одделенска настава во централното и подрачните училиште.

Беше организиран и новогодишен базар каде што на штандовите беа претставени богати и креативни изработки на новогодишни украси збогатени со декоративни апликации.

Беше прикажана и претставата Замрзната бајка.

Во текот на учебната 2023/2024 година со Тимот на надарени и талентирани ученици беа реализирани работилници наменети за развивање и негување на талентот и надареноста на учениците и споделени ресурси кои можат да ги користат за таа цел.

Во областа на професионална информација и ориентација од страна на стручните соработници учениците од деветто одделение беа информирани со конкурсот за запишување во средните училишта при што добија информации за условите за запишување на учениците во средно училиште, потребни документи за запишување, конкурсни рокови, критериуми за избор и други потребни информации. Целта беше да им се помогне на учениците да се насочат кон професии, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички особини и способности.

Исто така повеќе средни училишта со свои презентации се претставија пред учениците од деветто одделение.

На крајот од учебната година учениците од деветто одделение изготвија Алманах.

Ученички натпревари

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето учениците учествуваа на следниве натпревари.

На општински натпревари учениците зедоа учество по:

- математика: тројца ученици освоија прва награда, четири ученици втора награда, 4 ученици тртета награда и четири ученици пофалници
- хемија – две втори награди и три ученици трета награда
- природни науки: двајца ученици освоија прва награда, шест ученици втора награда, седум ученици трета и тројца ученик пофалници и тројца ученици од четврто одделение пласирани на регионален натпревар
- биологија: двајца ученици прва награда, седум ученици втора награда, три ученици трета награда и 5 ученици пофалници
- прва помош – прво и второ место екипно

На регионален натпревар учествуваа:

- математика: еден ученик втора награда , еден ученик трета награда и двајца ученици пофалници.
- географија: еден ученик постигна солидни резултати

- природни науки: еден ученик освои втора награда, седум ученици трета награда и двајца ученици пофалници
- биологија: двајца ученици прва награда, шест ученици втора награда, девет ученици трета награда и еден ученик пофалница
- хемија – тројца ученици трета награда и тројца ученици пофалници
- пионерски семафор – зедоа учество шест ученици

На државен натпревар учествуваа:

- Биологија – прва награда еден ученик, втора награда двајца ученици и пет ученици освоија трета награда
- Природни науки – еден ученик трета награда
- Хемија – учествуваше еден ученик

Во текот на месец ноември 2023 година, се одржа натпреварот Дабар на кој учествуваа ученици од I до IX одделение со цел промовирање на информатиката и алгоритамското размислување на учениците.

По повод светскиот ден на математиката кој се одржа на Универзитетот „ Св. Климент Охридски“ Битола еден ученик од четврто одделение надарен по математика беше дел од настанатот со вое претставување на математички постигања.

На 14. и 15. јуни во просториите на Техничкиот факултет во Битола се одржа првиот саем за математика, наука, технологија, инженерство и уметност "Погон". Наши ученици учествуваа со свој проект изработен во рамките на Клубот за кодирање за кој освоија трето место.

И оваа учебна година во организација на Агенцијата за млади и спорт и во соработка со Федерацијата на училишни спортови учениците зедоа учество на спортските натпревари во футсал и одбојка. На зонските натпревари кои се одржаа во Битола беше освоено второ место во футсал и одбојка.

На ликовниот конкурс организиран по повод 15 март Светскиот ден на правата на потрошувачите во организација на Министерството за економија на тема: „ Пластичното шише загадува ако не се преработува“ една ученичка освои втора награда.

4. Училишна заедница, ученички парламент и ученички правобранител

Во почетокот на учебната година се изврши конституирање и планирање на ученичките заедници во паралелките .

Во текот на месец октомври беше извршено конституирање и на ученичкиот парламент, избор на претседател, заменик претседател и секретар, а членовите на парламентот беа запознати со обврските согласно со Законот за основно образование.

Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител активно учествуваа во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовираа ученичкиот активизам, учествуваа во активности организирани во рамките на воннставните активности.

Претседателот на Ученичкиот парламент беше избран со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците во паралеките по пат на тајно гласање.

Овој демократски процес придонесе да се развие чувство на одговорност кај учениците.

Бра реализирани повеќе активности, иницираа организирање на предновогодишна забава ис редби со Училишната заедница од СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар заради остварување на заеднички активности.

5. Производствена и друга општествено-корисна работа

Во текот на учебната година учениците континуирано работеа на уредување на училишните простории, и одржување и уредување на паркот.

По повод 21 март Денот на пролетта се реализираа повеќе активности за потикнување на еколошките вредности, а исто така беа испишани и илустрирани повеќе еколошки пораки. Беше одржано и едукативно предавање по природни наики за важноста на растенијата како живите организми во природата и нивната распоространетост и изработени модели на вегетативни органи. По ликовно образование беа изработени плакати со еколошка содржина со цел визуелно да допрат до учениците.

Училиштето се вклучи во рамките на пролетната акција за чистење и селектирање отпад насловена како ,,ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД" во која успешно беше собран целиот отпад во дворот во училиштето како и на повеќе локации во општина Демир Хисар и во сите места во кои имаме подрачни училишта.

6. Ученички екскурзии и излети

Согласно Годишната програма за работа на училиштето во месец септември беше реализиран есенски излет со учениците од прво до деветто одделение.

За реализација на истиот изготвена е Програма со корелација на наставните содржини по одделни предмети и имплементирање на карактеристиките што ги нуди средината. Активностите за време на излетот беа во насока на формирање на позитивен однос кон природата и човековата околина како и зацврстување на здравјето и физичкото развивање на учениците.

Во текот на месец април со учениците од трето одделение беше реализирана еднодневна екскурзија, дводневна со учениците од шесто одделение и тродневна со учениците од деветто оделение.

7. Грижа за здравјето на учениците

Едукацијата за здравствено воспитување на учениците вклучуваше учење за основните аспекти на здравјето како што се физичката активност, правилната исхрана, менталното здравје и превенција од болести. Во училиштето континуирано се вршеше промоција на содржини од областа на здравственото воспитување со цел учениците да ја зголемат контролата над своето здравје во насока на негово унапредување и чување.

Изготвен е Извештај за здравствената состојба на учениците и истиот презентиран на Наставнички совет на училиштето.

Во рамките на програмата Унапредување на менталното здравје на учениците стручните соработници во соработка со членовите на Детската организација и со останатите ученици реализираа работилници за унапредување на менталното здравје на учениците. Целта беше справување со различни ситуации, позитивно доживување и прифаќање себе си, градење на добри односи и успешно справување со животните предизвици

Во организација на Министерството за внатрешни работи Демир Хисар и Завод за здравствена заштита Битола реализирани се стручни предавање на тема: Пушење, Алкохол и Дрога.

Во организација на Општинската организација на Црвен крст во Демир Хисар беше реализирано предавање за Врсничко насилство чија цел е да се поттикнат промени во начинот на кој се сфаќа врсничкото насилство истото да се препознае и спречи.

Подмладокот на Црвениот крст од нашето училиште исто така реализира хуманитарни активности по повод 16 Октомври Недела на борба против гладта каде учениците ја покажаа својата хуманост и дадоа поттик за јакнење на хуманоста во заедницата.

Во рамките на едукативната училишна програма за пубертетот „ Се што сакаш да знаеш за пубертетот“ а во согласност со МОН за ученичките од петто и шесто одделение беше реализирано стручно предавање

8. Соработка со локалната средина.

Соработката на училиштето со локалната средина се одвиваше континуирано и тоа преку активно вклучување на училиштето во локалната средина и нејзино целосно информирање.

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник на училиштето, беше одржана културно уметничка програма и поставена изложба со цртежи инспирирани од нашиот патрон Гоце Делчев.

Исто така, традиционално нашето училиште и оваа година го издаде училишниот весник „Бисери“ во кој се претставени бројни активноси на нашите ученици во текот на целата година, а прикажани се и ликовни и литературни творби на учениците на разни теми.

Учениците на креативен и забавен начин и оваа година го одбележаа 1 Април. Во дворот на училиштето и на градскиот плоштад учениците на најразличен начин покажаа дека се вешти во изработката на маски поврзани со цветни мотиви и други пролетни симболи како и најразлични костими, можност за идентификација со омилените ликови од цртаните серии.

Во месец март дел од учениците од нашето училиште ја посетија ХЕЦ Стрежево со цел проширување на знаењата од природната група предмети. Беше реализирано стручно предавање за намената на системот Стрежево, биодиверзитетот на езерото и производство на електрична енергија од обновливи извори.

Од страна на „СОКОТАБ“ ДООЕЛ Битола, на нашето училиште му беше доделена донација која се состоеше од печатач и хартија со што уште еднаш ја покажаа својата хуманост.

Во соработка со Домот на културата „ Илинден“ во Демир Хисар ученици од осмо и деветто одделение проследија претствата поврзана со содржини од наставниот предмет Граѓанско образование. Истата беше во изведба на актери од Битолскиот театар.

Во текот на годината постоеше континуирана соработка со локалната самоуправа, Детската градинка „ 2 Септември“, Здравствениот дом, Домот на културата „Илинден“, останатите училишта од општина и други организации.

9. Следење, вреднување и унапредување на образовната и воспитната работа

За поцелосно следење и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето на крајот од првото и третото тримесечие беа изготвени Анализи за успехот и редовноста, изготвен е Полугодишен извештај во кој беше дадена оценка за степенот и квалитетот на извршувањето на планирањата и успехот на учениците со споредбени показатели.

Непосредното следење на оценувањето се вршеше преку континуиран увид во Е дневник.

Согласно Законот за основно образование во периодот од 09 до 12 октомври 2023 година тим државни просветни инспектори изврши интегрална евалуација во училиштето во делот на следење на работата на училиштето. За истото беше изготвен извештај во кој работата на училиштето е оценета со Добар 3,38.

Врз основа на наодите и добиените препораки за подобрување на работата во извештајот, училиштето изготви Акциски план во кој се планирани активности за надминување на констатираните слаби страни.

Во месец март 2024 година се реализира обука на тема: „ Медиумска писменост “ во организација на БРО и УСАИД. На истата зедоа учество наставниците кои реализираат настава од прво до петто одделение и наставниците по македонски јазик од шесто до деветто одделение. На обуката беа реализирани следните неколку модули во насока на јакнење на компетенциите на наставниот кадар за реализација на содржини поврзани со концептот медиумската писменост.

Во мај се реализира работилница со учениците од четврто и петто одделение во Централното училиште поврана со проектот „Да засадиме здравје во нашата заедница“ поддржан од Австралиската амбасада.

ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА

За работата на Наставничкиот совет, Одделенските совети, одделенските раководители и стручните активи беа изготвени програми за работа и истите во целост се реализирани.

Училишниот педагог поаѓајќи од Основите за програмирање на работата на педагогот како и од идентификуваните педагошки и дидактичко-методски прашања, навремено ја изготви Годишната програма за работа.

Во согласност со истата беа реализирани активности во следните подрачја: Следење на воспитно-образовната работа реализирана преку следење на приоритетните подрачја на промени планирани со Програмата за развој, давање поддршка во реализацијата на новата концепција, следење на наставата, воннаставните активности, успехот и редовноста на учениците и водењето на педагошката евиденција и документација, Советодавно-консултативната работа преку инструктивно-советодавна и континуирана консултативна работа со наставниците, учениците и родителите, Аналитичко истражувачка преку изготвување на

анализи и извештаи и стручно усовршување кое се реализираше преку следење и разработка на современи стручни сознанија, стручни предавања и учество во организираните обуки.

Психологот на училиштето реализира индивидуални и групни разговори и советодавна помош со учениците, советодавна работа со родителите на учениците кои ги исполнуваат критериумите за советување, работа со ученици кои покажуваат различни облици на неадаптирано однесување и поведение.Следење на развојот и прилагодувањето на учениците-почетници, давање поддршка во работата со ранлива група ученици и учество во работата со тимот на талентирани ученици и посета на часови.

Во текот на учебната година согласно Законот за основно образование со родителите на учениците кои имаа негативни оценки по три и повеќе предмети и поголем број на изостаноци беше одржано советување со родители од страна на стручниот соработник со цел заедничко делување на семејството и училиштето како две средини во кои се одвива животот на децата и младите.

Работата на директорот на училиштето во учебната 2023/2024 год беше насочена во неколку различни подрачја. При вршењето на раководната и менаџерска функција, како организатор и креатор на целокупната настава беше обезбедена сигурна и безбедна средина во која учениците ги стекнуваа своите знаења и вештини и развиваа креативност. Работата како директор беше реализирана преку следните програмски подрачја: Административно-организаторска работа, Раководење со училиштето, Сотработка со средината и Педагошко-инструктивна работа.

Во рамките на Административно-организаторската работа беше организирана целокупната работа во училиштето.

Како орган на раководење се спроведуваа одлуките што ги донесе Училишниот одбор, Наставничкиот и Одделенскиот совет и Стручните активи.

Со цел училиштето да ја збогати, осовремени и актуелизира својата воспитно-образовна дејност соработуваше и со локалната заедница, МОН, БРО, ДПИ, културни институции, соновни и средни училишта.

Се воведуваа иновации во целокупната работа на училиштето и други активности и задачи.

За работата на помошник директорот беше изготвена програма за работа при што беа реализирани активности во следните подрачја: следење на реализацијата на воспитно-образовниот процес, соработка со родителите, превоз на учениците, одржувањето на редот, дисциплината и хигиената во училиштето, изготвување распоред за работа на техничката служба, како и задачи во врска со реновирање на училишните објекти и инвентарот и други работи и работни задачи.

Библиотекарот во училиштето и во изминатиот период ги реализира следните активности: одржување и средување на библиотечниот материјал, посета на часови по македонски јазик поврзани со обработка на лектири, активности во рамките на библиотекарската секција како и соработка со библиотеката Петре М. Андреевски при Домот на културата Илинден Демир Хисар.

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА

Настава во учебната 2023/2024 година посетуваа 358 ученици. Постигањата на учениците од прво, второ и трето одделение описно се оценуваат.

Со Одлука на Наставнички совет еден ученик од седмо одделение поради подолго отсуство од настава, согласно Законот за основно образование упатен е да полага одделенски испит во месец јуни .

Со одлука на Наставничкиот совет на училиштето ученикот Дамјан Симоновски е прогласен за Првенец на генерацијата согласно донесениот Правилник.

Средниот успех на училиштето е 4.16. 357 ученици имаат примерно поведение, 1 ученик има незадоволително поведение.

ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во текот на учебната година педагошката евиденција и документација се водеше уредно и во согласност со Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошка евиденција и документација.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Осовременувањето на наставата подразбира активно учење на учениците и стекнување на различни знаења и вештини преку користење на различни ресурси и интеграција на знаењата и вештините од различни наставни предмети. Активното учење значи овозможува вклучување на учениците во предлагање на идеи, поставување на прашања, решавање на проблеми, комуникација, соработка и дополнување.

Примената на различни техники дава можност за развивање на креативното и критичкото мислење, развивање на социјални вештини како и развивање на чувство за одговорност.

Нивното континуирано следење од страна на наставниците и давањето на повратна информација овозможува вреднување на нивните придонеси, поголема мотивираност за учење, поставување нови повисоки цели и стандарди, критички и конструктивно размислување, а со тоа и создавање на реална претстава за нивните постигнувања.

Потребата за подобрување и градење на ефективна училишна средина треба да продолжи со имплементирање на новите сознанија стекнати преку различни форми на стручно усовршување, планирањата во личниот план за професионален развој, преку поттикнување и мотивирање со цел поставување на добра основа за развој и надоградување на постојното знаење.

Д и р е к т о р

_____

/Валентина Димоска/

ООУ „ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ “ ДЕМИР ХИСАР

Тел: 047 276 331 Фах. 047 276 331

e-mail: gocedelcevdh@mt.net.mk

ГОДИШЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ За работата на училиштето во учебната 2023/24 година

Д и р е к т о р

_____

/Валентина Димоска/

ПРЕГЛЕД

На вкупниот број на ученици на крајот од учебната 2023/2024 година по наставни јазици

Одделение	Македонски јазик		Албански јазик		Турски јазик		Српски јазик		Вкупно	
	се	ж	се	ж	Се	ж	се	ж	се	ж
I	39	18							39	18
II	41	20							41	20
III	34	14							34	14
I-III	114	52							114	52
IV	35	14							35	14
V	39	18							39	18
VI	36	16							36	16
IV-VI	110	48							110	48
VII	50	28							50	28
VIII	33	15							33	15
IX	51	24							51	24
VII-IX	134	67							134	67
I-IX	**358**	**167**							**358**	**167**

ООУ “ Гоце Делчев “ Место Демир Хисар

ПРЕГЛЕД

на изостаноците на учениците на крајот од учебната 2023/2024 година

Наставен јазик	одд. / вид	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Се
Македонски јазик	Оправдани	976	1043	1299	773	547	712	1450	754	1607	9161
	Неоправдани						15	9	8	34	66
	Се						727	1459	762	1641	9227
Албански јазик	Оправдани										
	Неоправдани										
	Се										
Турски јазик	Оправдани										
	Неоправдани										
	Се										
Српски јазик	Оправдани										
	Неоправдани										
	Се										

ПРЕГЛЕД

на испишани и неоценети ученици на крајот од учебната 2023/2024 година

Наставен јазик	I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX	
	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж	вк.	ж
Македонски							1				1							
Албански																		
Турски																		
Српски																		

ООУ “ Гоце Делчев “ Место Демир Хисар

ПРЕГЛЕД

на поведението на учениците на крајот од учебната 2023/2024 година

Одделение	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Се
Примерно	39	41	34	35	39	35	50	33	50	357
Добро										
Незадоволително						1				1

ПРЕГЛЕД

на бројот на учениците со продолжен престој во училиштето

Наставен јазик	Целодневен престој			Дневен престој		
	Групи	Ученици	Наставници	Групи	Ученици	Наставници
Македонски						
Албански						
Турски						
Српски						

ООУ “ Гоце Делчев “ Место Демир Хисар

П Р Е Г Л Е Д

на вкупниот број на наставен кадар на крајот од учебната 2023/2024 година

Наставен кадар по нас.јазици	Одделенска настава					Предметна настава					Вк.
	проф	нас	Уч.	Неоф.об.	се	проф	нас	Уч.	Неоф.об.	се	
Македон.	25				25	18	2			20	45

П Р Е Г Л Е Д

на раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2023/2024 година

Работно место	Завршено образование		Вкупен раб.стаж	Работно искуство како директор, пом и зам директор, педагог, психолог
	Високо	Више		
директор	1		22 год. и 7 м.	2 год. и 6 м.
Пом.директор	1		24 год.	11 години
педагог	1		35 год.	35 години
психолог	1		6 год. 6 м.	6 години 6 м.
библиотекар	1		13 год.	13 години

П Р Е Г Л Е Д

На општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на учебната 2023/2024 година на македонски наставен јазик

Одделение	Вкупно Ученици	1 одлични		2 мн.добри		3 добри		4 доволни		вкупно		1 со 1 сл.		2 со 2 сл.		3 повтор.		4		Средна оценка
	се	број	%	број	%	број	%	б број р	%	број	%	бр	%	бр	%	бр	%	не оцен.	описно оценети	
I	39																		39	
II	41																		41	
III	34																		34	
I-III	114																		114	
IV	35	23	65,71	6	17,14	5	14,28	1	2,87		100%									4,40
V	39	25	64,10	10	25,64	4	10,26				100%									4,53
VI	36	15	41,67	13	36,11	4	11,11	4	11,11		100%									4,11
IV-VI	110	63	57,27	29	26,36	13	11,82	5	4,55		100%									4,33
VII	50	24	48,00	12	24,00	13	26,00	1	2,00		100%									4,12
VIII	33	15	45,45	8	24,25	10	30,30				100%									4,04
IX	51	23	45,09	12	23,53	11	21,58	5	9,80		100%									3,98
VII-IX	134	62	46,27	32	23,88	34	25,37	6	4,48		100%									4,04
I-IX	358	125	51,23	61	25,00	47	19,26	11	4,51		100									4,16